

Селото **Лазоровци** лежи северо-источно од Кичево: од запад се допира со котлинското дно, а од исток со падините на гребенот (сртот) Гол Рид. Во негова блиска околина населени места се: Мамудовци и Стрелци.

Селаните се снабдуваат со изворска вода, а исто така имаат и бунари. Во поново време постои водовод кој е спроведен од планинското место Букоа Вода.

Селски чешми се: Тарулец, Попоец и Клаинец (Клаинче)

Подалеку од селото извираат поголеми извори: Букоа Вода, Попоа Вода и др. Според кажувањата на некои селани селската чешма Клаинец (Клаинче) постои уште од римско време.

Имиња на места во атарот **“Над Село“** се: Сташинец, Бара, Букоа Вода, Костоо Изворче, Гавров Камен, Бабино Клаинче, Митроо Ливадче, Мојсоо Лединче, Павлеа Нива, Сртелечки Буки, Стрелечки Јаз, Крстеи Круши, Дабчиња, Капина, Широки Солишта и Чешма.

Имиња на места во атарот **“Под Село“** се: Под Леска, Пат Црвишки, Зелени Пат, Покоишта, Пат Јаголски, Воденица, Раковци, Чапарка, Раскрсница, Бероец, Бакалишта, Рампелејца, Средорек, Еѓупска Ледина и Долна Ледина.

Селото Лазоровци е од збиен тип и не е поделено на маала, затоа што е мало село. Сепак фамилијарните куќи се една до друга и повеќето се меѓусебно групирани.

**Сите жители на селото се православни Брсјаци.**



Постои традиција дека село Лазоровци е многу старо село. За староста на селото говори и црквата Св. Ѓорѓија, која сеуште постои и активно учествува во верскиот живот на селото. Сместена е над селото, а постојат податоци дека е изградена кон крајот на 16 век или почетокот на 17 век. Во склоп на црквата се наожаат и **селските гробишта**. Покрај црквата се наоѓаат стари гробови (кои датираат од Османлискиот период) на кои пишува дека покојните не умреле од природна смрт, туку напротив безмилосно биле убивани од страна на Арнаутите.

Црквата е широка 2,5 метри, долга е 4,2 метри а висината во највисокиот дел изнесува 3,5 метри. Ѕидовите се градени од камен и варов малтер, а покривот со камени плочи (камен лиска). Покривот е граден на две води, а под нив се наоѓа слој на земја која ја чува внатрешната темература постојано на 18 степени Цезиусови. Ова придонело се до денешен ден да се зачува фрескоживописот.

**Фрескоживописот** е од периодот на постанокот на црквата Св. Ѓорѓија, која е најстара зачувана црква во Кичевско. Ѓоѓе Мано Зиси го споменива селото Лазоровци и кажува дека во црквичката се наоѓал запис во кој се споменувал Кралот Тврдко и жена му. Тома Смиљаниќ-Брдина исто така соопштува дека во селото Лазоровци постои црквичка која според него потекнува од времето на Цар Лазар и дека има ктиторски натпис од 1371 г.












ОДРИНСКА
ОПЪЛЧЕНСКА ДРУЖИНА







[illegible]



**Влатко Билески**